На 27 и 28 октомври 2015 г. во Маврово, Проектот ТАКСО и Ресурсниот центар - ТАКСО воден од МЦМС организираа работилницата за даночната рамка на граѓански организации. На работилницата учествуваа шестмина познавачи на даночната легислатива и граѓанското општество, меѓу кои Емина Нурединоска и Симона Огненовска од МЦМС.



Учесниците дискутираа за наодите од компаративната анализа  на даночниот третман на граѓанските организации кај данокот на добивка и персоналниот данок на доход во Велика Британија, Чешка, Бугарија и Хрватска. Анализата е подготвена од страна на  [Европскиот центар за непрофитно право](#)
. Врз основа на искуствата од овие земји, се дискутираа потребните промени во локалното законодавство, особено, потребата за ревидирање на амандманите од овие два закони кои беа предложени од група на граѓански организации во октомври 2014 г. до министерството за финансии. Учесниците констатираа дека треба да се зајакне аргументацијата за амандманите со податоци од компаративната анализа и да се направи проценка на импликациите врз буџетот.




Клучното прашање за кое треба да се застапува е ослободување од персонален данок на трошоци за службени патувања за лица кои не се во работен однос, а се ангажирани од организациите, како и за трошоците за сместување, превоз и исхрана за учесници во

активности кои ги организираат граѓанските организации. Исто така, беше нагласено дополнителното оптоварување на организациите со персоналниот данок кој не се признава од страна на Делегацијата на ЕУ и ЦФЦД во проекти финансирани од ЕУ. Клучната промена кај данокот на добивка траба да биде изземањето на граѓанските организации како даночни обврзници.

На работилницата беа утврдени и следните чекори за ревизија на амандманите и нивно повторно поднесување. Дополнително беше опфатен и Законот за донации и спонзорства од јавни дејности и потребите за подобрување по измените кои ги претрпе во 2014, како и можностите за поврзување на статусот од јавен интерес со даночните користи.